Предлог

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 202/24), член 17 став 7 од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 143/19, 14/20 и 208/24), член 116 став 1 алинеја 8 од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија” бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22, 236/22, 17/25 и 132/25) и член 52 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.01/26),

Советот на Општина Велес на 17-та седница одржана на ден __.10.2026 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за давање согласност на Правилникот за измена на Правилникот за систематизација на работните места во ОЈУДГ „Димче Мирчев“ - Велес

1.Со ова Решение се дава согласност на Правилникот за измена на Правилникот за систематизација на работните места во ОЈУДГ „Димче Мирчев“ - Велес со бр.01-838/1 од 15.10.2026 година донесен со Одлука на Управниот одбор на ОЈУДГ„Димче Мирчев“ со бр.02-837/3 на седница одржана на ден 15.10.2026 година.

2.Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

Образложение

На ден 16.10.2026 година, од страна на ОЈУДГ „Димче Мирчев“ Велес до Советот на Општина Велес, доставено е Барање со бр.09-4407/1 за давање согласност на Правилникот за измена на Правилникот за систематизација на работните места во ОЈУДГ „Димче Мирчев“ - Велес со бр.01-838/1 од 15.10.2026 година.

Во прилог доставена е Одлука на Управниот одбор на ОЈУДГ„Димче Мирчев“ Велес со бр.02-837/3 донесена на седницата одржана на ден 15.10.2026 година.

На ден 19.10.2026 година од страна на ОЈУДГ„Димче Мирчев“Велес до СОВ, доставено е и дополнување на горенаведеното барање со позитивно мислење од Министерството за социјална политика, демографија и млади со бр.04-7037/2 од 16.10.2026 година.

Согласно член 116 став 1 алинеја 8 од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија” бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22, 236/22, 17/25 и 132/25): „Управниот одбор на јавна детска градинка/јавен центар за ран детски развој - донесува акт за внатрешна организација и систематизација на работните места во установата на кој согласност дава советот на општината и на општината во градот Скопје“.

Врз основа на горенаведеното, се предлага ова Решение до Советот.

Република Северна Македонија
Општинска јавна установа за деца
-Детска градинка "ДИМЧЕ МИРЧЕВ"- Велес
Бр. 02-839/1
16.10 2026 год.
Велес

Архивски знак:
Рок на чување:
20 год.
Потпис,

РЕПУБЛИКА СЕВ... ...ЕДОНИЈА
ОПШТ...
16 -10- 2026
Бр. 09-4407/1 2

До
Совет на Општина Велес

Предмет: Барање за писмена согласност за Правилник за измена на Правилник за систематизација на работни места на ОЈУДГ „Димче Мирчев“ - Велес.

Почитувани,

Во прилог на ова Барање, Ви доставуваме Одлука донесена на седницата на Управниот одбор на ОЈУДГ „Димче Мирчев“ - Велес, одржана на ден 15.10.2026 година, за донесување на **Правилник за измена на Правилник за систематизација на работни места на ОЈУДГ „Димче Мирчев“ - Велес**, за кој согласно законските прописи, бараме од Советот на Општина Велес како основач на Установата, да даде писмена согласност.

ВО ПРИЛОГ:

-Одлука на УО на ОЈУДГ „Димче Мирчев“ – Велес за измена на Правилник за систематизација на работни места на ОЈУДГ „Димче Мирчев“ – Велес, со арх.бр.02-837/3 од 15.10.2026 година;

-Правилник за измена на Правилник за систематизација на работни места на ОЈУДГ „Димче Мирчев“ – Велес, со арх.бр.01-838/1 од 15.10.2026 година.

Со почит,

Велес, 16.10.2026 година

ДИРЕКТОР

Наташа Јанушева

Република Северна Македонија
Општинска јавна установа за деца
-Детска градинка "ДИМЧЕ МИРЧЕВ"- Велес
Бр. 01-838/1
15.10 20 26 год.
Велес

(1)

ЈАВНА ОПШТИНСКА УСТАНОВА ЗА ДЕЦА – ДЕТСКА ГРАДИНКА „Димче Мирчев“ – Велес
на Општина Велес

ПРАВИЛНИК

ЗА ИЗМЕНА НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА СИСТЕМАТИЗАЦИЈА НА РАБОТНИТЕ МЕСТА

Велес, Октомври 2026 година

Врз основа на член 17 став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ број 27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 143/19, 14/20 и 208/24), член 116 од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија“ број 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22, 236/22, 17/25 и 132/25), и член 25 алинеа 9 од Статутот на Јавната општинска установа за деца – детска градинка „Димче Мирчев“ – Велес на Општина Велес, Управниот одбор на Јавната детска градинка „Димче Мирчев“ – Велес на Општина Велес, на ден 15.10.2026 година, донесе:

П Р А В И Л Н И К

за измена на Правилникот за систематизација на работните места во ОЈУДГ „Димче Мирчев“ – Велес на Општина Велес

Член 1

Со овој Правилник се врши измена на Правилникот за систематизација на работните места во ОЈУДГ „Димче Мирчев“ – Велес на Општина Велес со арх.број 02-290/1 од 11.06.2019 година.

Член 2

Во „**ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ НА РАБОТНИТЕ МЕСТА**“ во дел **I. Административна служба и помошно технички персонал, 1.Административно помошно техничка служба, I.1.1.Административен оддел,** во работното место со реден број 1 со шифра на работно место ДЕЗ 01 02 В01 001, Звање **Советник** и назив на работно место **Секретар**, во делот - **Вид на образование** се менува и гласи: **Општествени науки – Право**

Член 3

Во „**ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ НА РАБОТНИТЕ МЕСТА**“ во дел **I.Административна служба и помошно технички персонал, 1.Административно помошно техничка служба, I.1.1.Административен оддел во** работното место со реден број 2, со шифра на работно место ДЕЗ 01 02 В01 002, Звање **Советник** и назив на работно место **Сметководител**, во делот - **Вид на образование** се менува и гласи:**Општествени науки – Економија и бизнис**

Член 4

Во „**ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ НА РАБОТНИТЕ МЕСТА**“ во дел **I.Административна служба и помошно технички персонал, 1.Административно помошно техничка служба, I.1.1.Административен оддел** во работното место со реден број 3, со шифра на работно место ДЕЗ 01 02 В04 001, Звање **Помлад соработник** и назив на работно место **Секретар**, во делот - **Вид на образование** се менува и гласи:**Општествени науки – Право или Економија и бизнис**

Член 5

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува по претходно добиено позитивно мислење од Министерството за социјална политика, демографија и млади, писмена согласност од Министерството за јавна администрација и согласност од Советот на Општина Велес.

Претседател на Управен одбор

Тања Ангеловска

Република Северна Македонија
Општинска јавна установа за деца
-Детска градинка "ДИМЧЕ МИРЧЕВ"- Велес
Бр. 02-837/3
15.10.2026 год.
Велес

Врз основа на член 17 став 7 од Законот за вработените во јавниот сектор (Службен весник на РМ бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и Службен весник на РСМ бр. 143/19, 14/20 и 208/24), член 116 став 1 алинеја 8 од Законот за заштита на децата (Службен весник на РМ бр.23/2013, 12/2014, 44/2014, 144/2014, 10/2015, 25/2015, 150/2015, 192/2015, 27/2016, 163/2017, 21/2018 и 198/18 и Службен весник на РСМ бр.104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22, 236/22, 17/25 и 132/25) и член 25 став 1 алинеја 9 од Статутот,на ОЈУДГ „Димче Мирчев" - Велес, Управниот одбор на ОЈУДГ „Димче Мирчев" - Велес, на седницата одржана на ден 15.10.2026 година донесе

О Д Л У К А

За донесување на Правилникот за изменување на Правилникот за систематизација на работните места во ОЈУДГ „Димче Мирчев" - Велес

Член 1

Се донесува Правилникот за изменување на Правилникот за систематизација на работните места во ОЈУДГ „Димче Мирчев" – Велес, со бр. 02-290/1 од 11.06.2019 година.

Член 2

Правилникот за изменување на Правилникот за систематизација на работните места во ОЈУДГ „Димче Мирчев" – Велес, да се достави до Советот на општина Велес за добивање на согласност, до Министерството за социјална политика, демографија и млади за добивање позитивно мислење и Министерството за јавна администрација за добивање на писмена согласност.

Член 3

Оваа одлука стапува во сила со донесувањето, а ќе се применува по добиените согласности.

Претседател на Управен одбор,
_____

Република Северна Македонија
Општинска јавна установа за деца
-Детска градинка "ДИМЧЕ МИРЧЕВ"- Велес
Бр. 02-850/1
20.10. 2026 год.
В е л е с

Архивски знак:
Рок на чување:
20 год.
Потпис,

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА
20 -10- 2026
Број: 09-4407/3 2

До
Совет на Општина Велес

Врска предмет: наш арх.бр.02-839/1 од 16.10.2026 година

Предмет: Второ дополнување на Барање за писмена согласност за Правилник за измена на Правилник за систематизација на работни места на ОЈУДГ „Димче Мирчев“ – Велес

Почитувани,

Во врска со Барањето за писмена согласност за Правилник за измена на Правилник за систематизација на работни места на ОЈУДГ „Димче Мирчев“ – Велес доставено до Совет на Општина Велес на ден 16.10.2026 година, Дополнување на Барање за писмена согласност за Правилник за измена на Правилник за систематизација на работни места на ОЈУДГ „Димче Мирчев“ – Велес со арх.бр. 02-845/1 од 19.10.2026 година доставено до Совет на Општина Велес на ден 19.10.2026 година, Ви доставуваме и копија со верно на оригиналот од Правилникот за систематизација на работните места на ОЈУДГ „Димче Мирчев“ – Велес со арх.бр. 02-290/1 од 11.06.2019 година (страни 1, 2, 13, 14, 15 и 121) на Ваш увид за согледување на измените. Исто така, Ви доставуваме и заверена електронска комуникација со МЈА на ден 15.10.2026 год., каде се бара оригинал Одлука од Совет на Општина за да доставиме Барање во хартиена форма со цел добивање Согласност од нивна страна за Правилникот за измена на Правилникот за ситематизација на работни места на ОЈУДГ „Димче Мирчев“ – Велес, на Ваше понатамошно постапување.

ВО ПРИЛОГ:

- Копија од Правилник за систематизација на работните места на ОЈУДГ „Димче Мирчев“ – Велес со арх.бр. 02-290/1 од 11.06.2019 година (страни 1, 2, 13, 14, 15 и 121) ;

-Копија од електронска пошта – службена ел. комуникација со МЈА, со наш арх. бр. 01-850/2 од 20.10.2026 год.

Со почит,

Велес, 20.10.2026 година

Општинска јавна установа за деца Детска градинка "ДИМЧЕ МИРЧЕВ" Република Северна Македонија Велес

ДИРЕКТОР

Наташа Јанушева

Република Северна Маке... да
Општинска јавна установа за деца
-Детска градинка "ДИМЧЕ МИРЧЕВ" - Велес
Бр. 02-2901
11.06 2019 год.
В е л е с

ОПШТИНСКА ЈАВНА УСТАНОВА ЗА ДЕЦА
ДЕТСКА ГРАДИНКА„ДИМЧЕ МИРЧЕВ“ -
на Општина Велес

ПРАВИЛНИК

ЗА СИСТЕМАТИЗАЦИЈА НА РАБОТНИТЕ МЕСТА

Општинска јавна установа за деца Детска градинка "ДИМЧЕ МИРЧЕВ" Република Северна Македонија ВЕЛЕС

Велес, јуни 2019 година

ВЕРНО НА ОРИГИНАЛОТ

Општинска јавна установа за деца Детска градинка "ДИМЧЕ МИРЧЕВ" Република Северна Македонија ВЕЛЕС

Република Северна Македонија
Општинска јавна установа за деца
-Детска градинка "ДИМЧЕ МИРЧЕВ"- Велес
Бр. 02-2901
11.06 2019 год.
В е л е с

Врз основа на член 17 став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор("Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18),член 116 од Законот за заштита на децата („Службен весник“ бр.23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и 104/19)и член 27став 1 алинеа 9од Статутот на Општинската јавна установа за деца-Детска градинка „Димче Мирчев“ – на Општина Велес,Управниот одбор на Општинската јавна установа за деца-Детска градинка „Димче Мирчев“ – Велес на ден 11.06.2019 година, донесе

П Р А В И Л Н И К
за систематизација на работните места во Општинската јавна установа за деца-Детска градинка „Димче Мирчев“ -Велес

ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овојправилник се утврдува бројот на вработените (административни службеници, даватели на услуги, помошно – технички лица) распоредот, шифрата, називот и описот на работните места по организациони единици – објект и служби, општитеи посебните услови потребни за извршување на работите и на задачите на одделните работни места во Општинската јавна установа за деца-Детска градинка „Димче Мирчев“ – Велес.

Член 2

Работите и задачите што се вршат во Општинската јавна установа за деца-Детска градинка „Димче Мирчев“ – Велес,сеопределуваат, согласно нивната сродност, меѓусебна поврзаност, видот, обемот и степенот на сложеноста, одговорноста и другите услови за нивното извршување.

Член 3

Работите и задачите утврдени со овој правилник претставуваат основа за вработување и распоредување на вработените во Општинската јавна установа за деца-Детска градинка „Димче Мирчев“ – Велес.

ВЕРНО НА ОРИГИНАЛОТ

Општинска јавна установа за деца Детска градинка "ДИМЧЕ МИРЧЕВ" Република Северна Македонија ВЕЛЕС

ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ НА РАБОТНИТЕ МЕСТА

I. Административна служба и помошно технички персонал	
1. Административно помошно техничка служба	
I.1. 1.Административен оддел	
Реден број	1
Шифра	ДЕЗ 01 02 В01 001
Ниво	В1
Звање	Советник
Назив на работно место	Секретар
Број на извршители	1
Одговара пред	Директор
Вид на образование	Правни науки
Други посебни услови	
Работни цели	Остварување на законско и ефикасно работење во насока на извршување на нормативно-правните работи.
Работни задачи и обврски	-дава стручни и правни совети, како и следење на законските прописи и нивната имплементација со цел законско работење на установата; -усогласување на нормативните акти на јавната детска градинка со законските прописи; -стручно усовршување и оспособување преку семинари, обуки итн; -ги организира работите на правно административната служба и управува со човечки ресурси; -изработува предлог нормативни акти, одлуки, решенија и други правни акти кои ги донесува Управниот одбор, односно директорот; -по овластување од директорот ја застапува јавната детска градинка пред надлежните и други државни органи и ракува со печатот и штембилот на установата; -по потреба учествува во работата на стручните органи; -издава решенија, уверенија, потврди согласно законските прописи и акти на јавната детска градинка и ја ја контолира кадровската и персоналната евиденција; -учествува во спроведување на постапките за

ВЕРНО НА ОРИГИНАЛОТ

	авни набавки; -одговорно лице за заштита на лични податоци и дава информации од јавен карактер.

I. Административна служба и помошно технички персонал	
1. Административно помошно техничка служба	
I.1. 1.Административен оддел	
Реден број	2
Шифра	ДЕЗ 01 02 В01 002
Ниво	В1
Звање	Советник
Назив на работно место	Сметководител
Број на извршители	1
Одговара пред	Директор
Вид на образование	Економски науки
Други посебни услови	
Работни цели	Остварување законско и ефикасно финансиско работење во насока на извршување на финансиското и сметководственото работење
Работни задачи и обврски	-уредно и правилно ја води сметководствената евиденцијаи дава стручни совети од областа на финансиско сметководствено работење; -работи на своето стручно и професионално усовршување, следи стручна литература, семинари и советувања организирани од страна на стручни институции од доменот на дејноста за правилно и законско сметководствено и финансиско работење на јавната установа за деца; - ја организира целокупната работа во сметководството на јавната установа за деца и редовно ги следи законските прописи од областа на сметководство; - врши навремено и ажурно контирање на секојдневните финансиски промени во финансовата евиденција во сметководството и ги усогласува материјалните картици со финансовите; - изготвувањето на финансови планови, финансови извештаи и планот за јавни набавки;

ВЕРНО НА ОРИГИНАЛОТ

	- изготвува материјали, правилници и упатства за пописните комисии и ја организира работата во врска со пописот. - ја следи реализацијата на јавните набавки; - се грижи за ажурно, уредно и исправно водење на деловните книги во аналитичкото сметководство; - учествува и изготвува статистички извештаи за потребите на јавната установа за деца; - врши навремено подмирување на побарувањето према добавувачите.

I. Административна служба и помошно технички персонал
1. Административно помошно техничка служба
I.1. 1.Административен оддел

Реден број	3
Шифра	ДЕЗ 01 02 В02 001
Ниво	В2
Звање	Виш соработник
Назив на работно место	Секретар
Број на извршители	1
Одговара пред	Директор
Вид на образование	Правни или Економски науки
Други посебни услови	Лиценца за јавни набавки согласно материјалниот закон
Работни цели	-Самостојно ги врши работите и задачите што се во функција на подготовка за законито спроведување на постапките за јавна набавка
Работни задачи и обврски	- Во работењето го користи електронскиот систем за јавни набавки, кој е единствен компјутеризиран систем достапен на интернет, чија намена е да овозможи поголема ефикасност и економичност во областа на јавните набавки; - Непосредно изготвува документи и материјали кои содржат: подготовка на годишниот план за јавни набавки по видови на стоки, услуги и работи, и врши прибирање и

ВЕРНО НА ОРИГИНАЛОТ

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а по предходно добиена согласност од Министерството за информатичко општество и администрација, ќе се применува по добиената согласност од Советот на Општина Велес.

Член 27

Составен дел на овој правилник е табеларниот приказ на работните места.

Претседател на УО,

Дејан Ристов

X. Прилог: Табеларен преглед на работни места (работна карта)

Ре д. бр.	Шифра	Звање и/или назив на работното место	Број на систем. работни места	Број на пополнети работни места		
				Админ.-пом.техн. служба	Служба за стручни работници и соработници	Воспитно-згрижувачка служба
1	ДЕЗ 01 02 В01 001	Советник – секретар	1	1	/	/
2	ДЕЗ 01 02 В01 002	Советник - сметководител	1	/	/	/
3	ДЕЗ 01 02 В02 001	Виш соработник-секретар	1	/	/	/
4	ДЕЗ 01 02 Г01 006	Самостоен референт – Материјален книговодител	1	/	/	/
5	ДЕЗ 01 02 02 Г01 009	Самостоен референт-архивар	1	/	/	/
6	ДЕЗ 04 01 А01 001	Хаусмајстор	1	/	/	/
7	ДЕЗ 04 01 А01 005	Градинар	6	3	/	/
8	ДЕЗ 04 05 А01 002	Магационер	1	1	/	/
9	ДЕЗ 04 03 А01 001	Возач	1	1	/	/
10	ДЕЗ 04 04 А02 001	Готвач	4	3	/	/
11	ДЕЗ 04 04 А03 001	Помошник готвач	7	7	/	/
12	ДЕЗ 04 04 А04 001	Самомијач/сервирка	2	2	/	/
13	ДЕЗ 04 01 А01 004	Хигиеничар	21	21	/	/
14	ДЕЗ 04 05 А01 005	Перачка-пеглачка	1	/	/	/
15	ДЕЗ 03 03 А01 008	Раководител на објект	7	/	/	7
16	ДЕЗ 03 03 Б01 010	Советник-стручен работник	1	/	/	/
17	ДЕЗ 03 03 Б02 001	Ментор-стручен работник	1	/	/	/
18	ДЕЗ 03 03 Б03 002	Стручен работник-	1	/	1	/

ВЕРНО НА ОРИГИНАЛОТ

Република Северна Македонија
Општинска јавна установа за деца
-Детска градинка "ДИМЧЕ МИРЧЕВ"- Велес
Бр. 02-845/1
19.10 2026 год.
Велес

Архивски знак:
Рок на чување:
20 год
Потпис,

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА
19 -10-
Број: 09-4407/2

До
Совет на Општина Велес

Врска предмет: наш арх.бр.02-839/1 од 16.10.2026 година

Предмет: Дополнување на Барање за писмена согласност за Правилник за измена на Правилник за систематизација на работни места на ОЈУДГ „Димче Мирчев" – Велес

Почитувани,

Во врска со Барањето за писмена согласност за Правилник за измена на Правилник за систематизација на работни места на ОЈУДГ „Димче Мирчев" – Велес, доставено до Совет на Општина Велес на ден 16.10.2026 година, Ве известуваме дека согласно член 143, став 21 од Законот за заштита на децата, имаме добиено Позитивно мислење за истото од Министерството за социјална политика, демографија и млади, кое ви го доставуваме како дополнување на нашето Барање за Ваше понатамошно постапување.

ВО ПРИЛОГ:

-Копија од позитивно мислење од Министерство за социјална политика, демографија и млади, со арх.бр.04-7037/2 од 16.10.2026 година.

Со почит,

Велес, 19.10.2026 година

ДИРЕКТОР

Наташа Јанушева

Република Северна Македонија
Министерство за социјална политика, демографија и млади

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Politikës Sociale, e Demografisë dhe e të Rinjve

- Сектор за управување со човечки ресурси
-Sektori për Menaxhim me Resurse Njerëzore

Република Северна Македонија
Јавна општинска установа за деца
„ДИМЧЕ МИРЧЕВ"- Велес

Примено:	16.10.2026		
Орг. един	број	Прилог	Вредност
01	843/1		

Архивски број: 04-7037/2
Датум: 16-10-2026

До: Јавна општинска установа за деца-детска градинка "Димче Мирчев"- Велес

Врз основа на член 143 став 21 од Закон за заштита на децата (Службен весник на РМ бр.23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и Службен весник на РСМ бр.104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22, 236/22, 17/25 и 132/25), Министерството за социјална политика, демографија и млади дава

ПОЗИТИВНО МИСЛЕЊЕ
на

1. Правилник за изменување на Правилникот за систематизација на работните места во Јавна општинска установа за деца-детска градинка "Димче Мирчев"- Велес со архивски број 01-838/1 од 15.10.2026 година.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Јавна општинска установа за деца-детска градинка "Димче Мирчев"- Велес поднесе барање до Министерство за социјална политика, демографија и млади за добивање мислење на Правилник за изменување на Правилникот за систематизација на работните места бр. 01-838/1 од 15.10.2026 година.
Министерството за социјална политика, демографија и млади го разгледа доставениот акт и констатира дека истиот е во согласност со одредбите од Законот за заштита на децата.
Врз основа на утврденото, Министерството за социјална политика, демографија и млади дава позитивно мислење на Правилник за изменување на Правилникот за систематизација на работните места во Јавна општинска установа за деца-детска градинка "Димче Мирчев"- Велес со архивски број 01-838/1 од 15.10.2026 година.

Министер
Ѓоко Велја

Изработил: Ивона Кусакатска

ВЕРНО НА ОРИГИНАЛОТ

Министерство за социјална политика, демографија и млади на Република Северна Македонија
Ministria e Politikës Sociale, e Demografisë dhe e
Ул. „Даме Груев" бр. 14, Скопје
Република Северна Македонија
Rr. "Dame Gruev" nr. 14, Shkup
+389 2 106 212
www.mtsp.gov.mk

Gmail **Gradinka Dimche Mirchev Veles <gradinkaveles@gmail.com>**

ОЈУДГ „Димче Мирчев“ - Велес

Abdula Jasharov <abdula.jasharov@mioa.gov.mk> 15 October 2026 at 11:47
To: Gradinka Dimche Mirchev Veles <gradinkaveles@gmail.com>
Cc: Ivona Kusakatska <Ivona.Kusakatska@mtsp.gov.mk>

Почитувани,

Предметот може да се достави во хартиена форма до Министерството за јавна администрација,одкако ќе се помине на У.О оригинал одлука,МТСП мислење копија,Совет на Општината Одлука оригинал,Табеларен Преглед и Правилник заверен со архивски број и печат.

Со почит,

Република Северна Македонија
Општинска јавна установа за деца
-Детска градинка "Димче Мирчев" - Велес
Пр. бр. 20.10.2026
Орг. ед.
01 850/2

From: Gradinka Dimche Mirchev Veles <gradinkaveles@gmail.com>
Sent: среда, 14 октомври 2026 10:48
To: Sistematizacii <sistematizacii@mioa.gov.mk>
Cc: Abdula Jasharov <abdula.jasharov@mioa.gov.mk>; Ivona Kusakatska <Ivona.Kusakatska@mtsp.gov.mk>
Subject: Барање за мислење

You don't often get email from gradinkaveles@gmail.com. Learn why this is important

Почитувани,

Во прилог Правилник за измена на Правилникот за систематизација на работните места во ОЈУДГ „Димче Мирчев“ - Велес на Ваше разгледување за мислење.

Ве молиме да не известите дали е во ред.

Со почит,

--



Детска градинка "ДИМЧЕ МИРЧЕВ" Општинска Јавна установа Република Северна Македонија ВЕЛЕС

ВЕРНО НА ОРИГИНАЛОТ

ОЈУДГ „Димче Мирчев“ - Велес-фин-15-10-2026.docx
24K